| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | **Наслов на наставниот предмет** | **Право на природни монополи и конкурентско право** | | | | |
| 2. | **Код** | 50835 | | | | |
| 3. | **Студиска програма** | Деловно право | | | | |
| 4. | **Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)** | Правен факулет „Јустинијан Први“ – Скопје<br>Универзитет “Св. Кирил и Методиј“ Скопје | | | | |
| 5. | **Степен (прв, втор, трет)** | Втор циклус | | | | |
| 6. | **Академска година/семестар** | Втора година, трет семестар | **7.** | **Број на ЕКТС кредити** | 6 | |
| 8. | **Наставник** | проф.д-р. Димитар Гелев<br>доц.д-р. Катерина Шапкова Коцевска | | | | |
| 9. | **Предуслови за запишување на предметот** | нема | | | | |
| 10. | **Цели на предметната програма (компетенции):** | | | | | |
| | Цел на предметната програма по Право на природни монополи и конкурентско право е да им овозможи на студентите да се стекнат со продлабочени знаења за природните монополи и за конкурентското право и со специфични вештини за примена на ова право во практиката.<br>Посебни задачи на оваа програма се:<br>- да ги оспособи студентите самостојно да ги идентификуваат и критички да ги анализираат основните институти на правото на природните монополи и конкурентското право.<br>- да развиваат вештини за примена на стекнатите знаења во практиката во врска со природните монополи и конкурентското право.<br>За остварување на овие цели и задачи предметната програма по Право на природни монополи и конкурентско право ќе ги обработи теоретските аспекти на правото на природните монополи и на конкурентското право, а потоа ќе се фокусира на практичната примената на правните правила со кои тие се регулираат.<br>По завршувањето на ова предметна програма студентите:<br>- ќе можат самостојно да ги истражуваат институтите на правото на природните монополи и конкурентското право од теориски аспект, начините на нивно нормативно обликување и конкретизација и примената во практиката. | | | | | |
| | | | | | | |
| 11. | **Содржина на предметната програма:** | | | | | |
| | Во рамките на предметот Право на природни монополи и конкурентско право студентите се запознаваат со основните поими за јавните добра, природните монополи, универзалната услуга и условите и цените по кои се регулира достапноста на јавноста до јавните добра. Натаму студентите се запознаваат со основите на анти-монополското право | | | | | |

| | | |
|---|---|---|
| | и различните приоди кон неговата регулација, влијанието на правото на конкуренцијата врз регулацијата на јавните добра, дерегулирањето на јавните добра во одредени сфери на економското дејствување и системите за замена на претходните државни регулаторни системи, различните теории за регулацијата и против регулацијата, различните теории за можната дерегулација и новите регулаторни системи. Студентите исто така се запознаваат со поимот на тарифирањето и начините на кои се изготвуваат тарифите, целите што треба да се постигнат со нив, како и начините на кои кон тарифите треба да се пристапува во евентуалните административни или судски постапки, поимот за регулаторните власти и основите на нивното дејствување, основните акти на регулаторните власти и начините на нивното обжалување. Во основа предметот ги разгледува правните прописи и регулацијата на јавните добра, како и анти-монополските прописи што се однесуваат на нивното работење. | |
| | Предметот е предвиден за студентите кои веќе имаат стекнато основни знаења и претставува напреден и интензивен курс со обем од 330 страни (според ЕКТС стандардите). За успешно следење на овој предмет се очекува студентите да имаат стекнато широки предзнаења, особено во сверата на договорното право, правото на друштвата, граѓанското и облигационото право, финансиите и економиката со цел поуспешно следење на наставата.<br>Предметот ја анаизира правната регулаццција на природните монополи и нивното дејсвување како исклучок од општите правила на конкурентското или анти-монополското право. | |
| 12. | **Методи на учење:** | Материјата е поделена во 12 тематски единици Во рамките на секоја тематска единица прашањата ќе се анализираат од теоретски и од практичен аспект. Студентите ќе бидат поттикнувани за самостојна и тимска истражувачка работа, менторирана од предметните наставници, која што ќе им овозможи продлабочени знаења и развој на вештини.<br>Во предавањата ќе се користат различни техники на работа, вклучително Power Point презентации, индивидуални и групни презентации од студентите како и заеднички дискусии. Предавањата ќе бидат интерактивни, а се очекува и ангажираност на студентите од аспект на истражување на одредени теми во и вон материјалот кои можат да бидат презентирани во договор со предметниот професор. Задачите за секоја наредна недела (каде е можно и порано) ќе бидат однапред назначувани со цел студентите да имаат доволно време да се подготват. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Од студентите се очекува да развијат истражувачки и аналитички вештини, но и да аплицираат презентерски вештини на час.<br>Што се однесува до задолжителната литература освен релевантните закони што ја регулираат ова материја (Законот за јавните претпријатија, Законот за нелојална конкуренција, Законот против ограничувањето на конкуренцијата, Законот за енергетика, Законот за електронските комуникации, Законот за минералните суровини, Законот за воздушна пловидба и другите закони од сферата на копнениот, езерскиот, поморскиот и воздушниот превоз на патници и стоки), се изучуваат и соодветните правилници, методологии и други документи што ги носат различните регулаторни тела за одделните јавни добра, студентите ќе добијат соодветни материјали што ќе мора да ги прочитаат. Што се однесува до литературата која студентите ќе мора да ја совладаат како испитна литература, таа ќе биде согласно она што е предвидено за читање во согласност со ЕКТС стандардите (до 330 - 350 страни). | | |
| **13.** | **Вкупен расположлив фонд на време** | 6 ЕКТС = 150 часа | | |
| **14.** | **Распределба на расположливото време** | 52,5+0+17,5+0+80 | | |
| **15.** | **Форми на наставните активности** | 15.1 | Предавања – теоретска настава | 52,5 |
| | | 15.2 | Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа | 0 |
| **16.** | **Други форми на активности** | 16.1 | Проектни задачи | 17,5 |
| | | 16.2 | Самостојни задачи | 0 |
| | | 16.3 | Домашно учење | 80 |
| **17.** | **Начин на оценување** | | | |
| | **17.1** | **Тестови/завршен испит** | | 70 бода |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **17.2** | **Семинарска работа / проект (презентација: писмена и усна)** | | 20 бода |
| | **17.3** | **Активност и учество** | | 10 бода |
| **18.** | **Критериуми за оценување (бодови / оценка)** | | до 51 бода | 5 (пет) (F) |
| | | | од 51 до 60 бода | 6 (шест) (E) |
| | | | од 61 до 70 бода | 7 (седум) (D) |
| | | | од 71 до 80 бода | 8 (осум) (C) |
| | | | од 81 до 90 бода | 9 (девет) (B) |
| | | | од 91 до 100 бода | 10 (десет) (A) |
| **19.** | **Услов за потпис и полагање на завршен испит** | | Реализирани активности 16.1, 16.2, 16.3 | |
| **20.** | **Јазик на кој се изведува наставата** | | Македонски јазик/Англиски јазик | |
| **21.** | **Метод на следење на квалитетот на наставата** | | Евалуација и самоевалуација | |
| **22.** | **Литература** | | | |
| | **22.1** | **Задолжителна литература** | | |

| Р. бр. | Автор | Наслов | Издавач | Година |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | | Закон за јавните претпријтија | Службен весник на Репубика Македонија | 38/1996, 9/1997, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/2014, 25/2015, 61/2015, 39/2016 |
| **2.** | | Закон за заштита на конкуренцијата | Службен весник на Република Македонија | 145/2010, 136/2011, 41/2014, 53/2016 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **3.** | Wolfgang Friedmann | Governmental (Public) Enterprises<br>(превод обезбеден од страна на предметниот наставник) | Brill/Nijhoff | 2016 |
| | | **4.** | Colin Turpin | Public Contracts<br>(превод обезбеден од страна на предметниот наставник) | Brill/Nijhoff | 2016 |
| | **22.2** | **Дополнителна литература** | | | | |
| | | **Р. бр.** | **Автор** | **Наслов** | **Издавач** | **Година** |
| | | **1.** | Richard Posner | Natural Monopoly and Its Regulation | Cato Institute | 1999 |
| | | **2.** | W. Kip Viscusi, Joseph E. Harrington, John M. Vernon | Economics of Regulation and Antitrust | The MIT Press | 2005 |
| | | **3.** | Harry Barker | Public Utility Rates: A Discussion of the Principles and Practice Underlying Charges for Water, Gas, Electricity, Communication and Transportation Services | Adamant Media Corporation | 2015 |